**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Зорица Симиќ**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул.Пролет бр.11А/1-5**
**тел. 02/3222-532;**
**info@izvrsitelsimik.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1056/2026**

Извршителот Зорица Симиќ од Скопје, ул.Пролет бр.11А/1-5 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030989254937, ЕМБС 4065573 и седиште на ул.Васил Иљоски бр.3, засновано на извршната исправа Солемнизација - Потврда на приватна исправа–Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ.бр.115/17 од 31.03.2017 година на Нотар Силвана Шандуловска од Скопје, против должникот/заложен должник Друштво за рударство, градежништво, трговија и услуги ЛИКА-КОМПАНИ експорт-импорт ДООЕЛ Тетово од Тетово со ЕДБ 4028005143604, ЕМБС 6001602 и седиште на ул.113 бр.20, за спроведување на извршување во вредност 5.182.349,00 денари, на ден 31.08.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
- КП 12079, дел 0, адреса (улица и куќен број на зграда) Г.Т.Ц. ЛОКАЛ 5-А Д.Е.482, бр.на зграда/друг објект 3, намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем Б4, влез 001, кат 001, број 482, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 32м2, со право на сопственост на должникот/заложен должник Друштво за рударство, градежништво, трговија и услуги ЛИКА-КОМПАНИ експорт-импорт ДООЕЛ Тетово, со ЕМБС 6001602 и седиште на ул.113 бр.20, Тетово, запишана во Имотен лист бр.48050 за КО Центар 1 при АКН- ЦКН Скопје, со сите прирастоци, припадоци, доградби и надградби сега и во иднина.

Продажбата ќе се одржи на ден 18.09.2026 година во 10:00 часот во просториите на Извршителот Зорица Симиќ од Скопје на адреса ул.Пролет бр.11А/1-5.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок И.бр.1056/2026 од 24.07.2026 година на извршител Зорица Симиќ, а намалена по предлог на доверителот солгласно чл.185 од ЗИ, изнесува 56.174,00 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог од извршител, заложно право - хипотека.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена на недвижноста за второто јавно наддавање.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.210076994090253 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5080023512272, со назнака гаранција за И.бр.1056/2026.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Зорица Симиќ

Х ______________

Д.-на: заложен должник
заложен доверител
Град Скопје - Одделение за наплата на даноци
УЈП – Регионална дирекција Скопје
УЈП – Регионална дирекција Тетово
архива на извршител

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, во рок од три дена од денот на прием на заклучокот, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.